**ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА**
**ТОПЛИФИКАЦИЈА АД- СКОПЈЕ**

# С Т А Т У Т
## НА ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ТОПЛИФИКАЦИЈА АД - СКОПЈЕ
**(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)**

**Скопје, мај 2009**

Врз основа на член 418 став 3 од Законот за трговски друштва ("Сл.весник на РМ" 28/2004), Надзорниот одбор на друштвото за производство и дистрибуција на топлинска енергија Топлификација АД-Скопје, на својата 18-та седница одржана на ден 08.05.2009 година, утврдува Пречистен текст на Статутот на Топлификација АД-Скопје

Пречистениот текст на Статутот на друштвото за производство и дистрибуција на топлинска енергија Топлификација АД-Скопје ги опфаќа: Статутот на друштвото за производство и дистрибуција на топлинска енергија Топлификација АД-Скопје бр.02-1623 од 18.06.1999 година, Статутарната одлука за измени и дополнување на Статутот на друштвото за производство и дистрибуција на топлинска енергија Топлификација АД-Скопје бр. 02-1856 од 09.07.2001 година, Одлуката за проширување на дејноста на Друштвото за производство и дистрибуција на топлинска енергија бр.02-3037 од 17.10.2002 година, Одлуката за измени и дополнување на Статутот на друштвото за производство и дистрибуција на топлинска енергија Топлификација АД-Скопје бр. 02-1408 од 16.04.2003 година, Статутарната одлука за измени и дополнување на Статутот на друштвото за производство и дистрибуција на топлинска енергија Топлификација АД-Скопје бр. 02-1818/1 од 21.04.2005 година и Статутарната одлука за измени и дополнување на Статутот на друштвото за производство и дистрибуција на топлинска енергија Топлификација АД-Скопје бр. 02-2206/1 од 29.04.2009 година.

# СТАТУТ
# НА ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ТОПЛИФИКАЦИЈА АД - СКОПЈЕ
**(пречистен текст)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**член 1**

**(1)** Со донесувањето на овој Статут Акционерското друштво во мешовита сопственост АД "ТОПЛИФИКАЦИЈА" - Скопје се конституира како Акционерско друштво во приватна сопственост.

**(2)** Акционерското друштво во приватна сопственост ТОПЛИФИКАЦИЈА АД-Скопје кое врз основа на овој Статут е запишано во трговскиот регистар е единствен правен следбеник на Акционерското друштво во мешовита сопственост АД"ТОПЛИФИКАЦИЈА"- Скопје кое беше запишано во судскиот регистар Срег.бр.3610.

**член 2**

Акционерското друштво во приватна сопственост ТОПЛИФИКАЦИЈА АД-Скопје (во натамошниот текст: акционерското друштво) продолжува да работи на неопределено време и може да престане со работа само на начин и под услови пропишани со закон и со овој Статут.

## II. ФИРМА, СЕДИШТЕ И ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО

**член 3**

**(1)** Фирмата на акционерското друштво гласи:
**Друштво за производството и дистрибуција на топлинска енергија ТОПЛИФИКАЦИЈА АД- Скопје**

**(2)** Скратената ознака на фирмата гласи: **ТОПЛИФИКАЦИЈА АД - Скопје**

**(3)** Името на фирмата во деловните односи со странство гласи:
**ТОПЛИФИКАЦИЈА АД - Скопје**

**член 4**

За промена на фирмата одлучува Собранието на акционерското друштво на предлог на Управниот одбор.

**член 5**

**(1)** Акционерското друштво има:

а. Печат во кружна форма за употреба во земјата и на него со кирилско писмо е испишан текстот на фирмата;

б. Печат во кружна форма за употреба во деловните односи со странство и на него со латинично писмо е испишан текстот на фермата;

в. Деловен штембил во правоаголна форма и на него се испишани зборовите: Друштво за производството и дистрибуција на топлинска енергија ТОПЛИФИКАЦИЈА АД- Скопје, со простор за впишување на бројот и на датата на заведување на актот.

**(2)** Поблиску содржината, употребата и начинот на чувањето на печатот и деловниот штембил ги утврдува Управниот одбор со правилник.

**член 6**

Акционерското друштво има заштитен знак на фирмата: во горниот дел со стилизирани кирилични букви во црна боја стои Топлификација АД. Во средината на заштитниот знак е преставен симбол на оџак и цевковод во сина и црвена боја. На дното од заштитниот знак е преставен симболот на камениот мост на реката Вардар, а под него со стилизирани кирилични букви е означено седиштето на Скопје. Целиот заштитен знак е опкружен со дебела линија со црна боја.

**член 7**

Седиштето на акционерското друштво е во Скопје на улица "Лондонска"б.б.

**член 8**

**(1)** За промена на седиштето на акционерското друштво одлучува Собранието на акционерското друштво на предлог на Управниот одбор.

**(2)** Во случај на промена на името на адресата на која се наоѓа седиштето на акционерското друштво од страна на надлежен орган се овластува Управниот одбор да го усогласи овој Статут и другите акти на акционерското друштво со новото име на адресата.

**член 9**

Претежната дејност на Друштвото е:

35.30 Снабдување со пареа и климатизација
со ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС.

**член 10**

**(1)** За промената на дејноста на акционерското друштво (намалување или проширување на предметот на работење) одлучува Управниот одбор ,со претходно одобрение на надзорен одбор.

**(2)** Одлуката на Управниот одбор за промена на дејноста на акционерското друштво кога ќе ја прифати Собранието на акционерското друштво станува составен дел на овој Статут.

## III. НАСТАПУВАЊЕ И ОДГОВОРНОСТ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ВО ПРАВНИОТ ПРОМЕТ

**член 11**

Акционерското друштво во правниот промет склучува договори и други правни работи и презема дејствија во рамките на својот предмет на работење утврден со овој Статут.

**член 12**

**(1)** За преземените обврски во правниот промет акционерското друштво одговара со целокупниот свој имот.

**(2)** Акционерите не одговараат за обврските на акционерското друштво.

**член 13**

Акционерското друштво може да одговара и за обврските на други друштва и правни лица врз основа на одлука на Собранието на акционерското друштво, како и врз основа на договор одобрен од Собранието на акционерското друштво.

## IV. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО

**член 14**

**(1)** Внатрешната организација на акционерското друштво се уредува и се воспоставува во согласност со потребите на работењето и развитокот на акционерското друштво.

**(2)** Внатрешната организација на акционерското друштвото ја утврдува Управниот одбор со Правилник за внатрешна организација.

## V. ОСНОВНА ГЛАВНИНА И АКЦИИ

**член 15**

**(1)** Основната главнина на акционерското друштво изнесува 23.008.134 ЕВРА според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на проценката од 60,9499 за едно ЕВРО.

**(2)** Износот на основната главнина на акционерското друштво е поделен на 450.000 (со зборови: четиристотини и педесет илјади) акции, од кои 428.657 се обични акции и 21.343 акции приоритетни акции пренесени бесплатно на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување .

**(3)** Номиналниот износ на секоја акција изнесува 51,1291 ЕВРА според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на проценката од 60,9499 за едно ЕВРО.

**член 16**

За сите ревалоризации на основната главнина и акциите на акционерското друштво ќе се користи средниот курс на ЕВРО на Народната банка на Република Македонија на денот на доспевањето на обврската.

**член 17**

Акциите што ги издава акционерското друштво гласат на име.

**член 18**

Сопствениците на обичните акции сразмерно на бројот на стекнатите акции имаат:

- право на глас во Собранието на акционерското друштво;
- право на исплата на дел од добивката (дивиденда) на акционерското друштво;
- право на исплата на дел од остатокот на ликвидационата, односно стечајната маса на акционерското друштво;
- право на надзор над работењето на акционерското друштво.

**член 19**

**(1)** Акциите што во постапката за трансформација на остатокот на општествениот капитал му беа издадени на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, се додека ги поседува Фондот, имаат својство на приоритетни акции без право на глас.

**(2)** Приоритетните акции без право на глас што му се издадени на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување:

- гласат на име на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување,
- даваат право на фиксна дивиденда од 2 % годишно и сразмерно учеството во остатокот од добивката ако на обичните акции им се исплатува дивиденда над овој износ,
- не даваат право на глас во Собранието на акционерското друштво , и
- во случај на стечај или ликвидација на акционерското друштво даваат право на сразмерно учество во поделбата на остатокот на стечајната, односно ликвидационата маса.

**член 20**

**(1)** Акциите што ги издава акционерското друштво наспрема него се неделиви.

**(2)** Акциите се издаваат, се пренесуваат и се водат во форма на електронски записво Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Македонија, кој врши упис во книгата на акции и издава соодветни документи на акционерите и дава извештаи до акционерското друштво за извршените промени.

**(3)** Спрема друштвото, за акционер се смета секое лице запишано во акционерската книга на начин определен со закон.

**(4)** Секој акционер има право, на негово барање да му се овозможи увид на сите податоци запишани во акционерската книга на друштвото, во кое што е акционер.Увидот го овозможува Централниот депозитар за хартии од вредност.

**член 21**

**(1)** Акциите што ги издава акционерското друштво можат да се издаваат и над номиналниот износ. Тоа мора да биде утврдено изрично во одлуката за издавање на акции во постапката за зголемување на основната главнина на акционерското друштво.

**(2)** Ако во одлуката за издавање на акции на акционерското друштво е утврдено дека акциите се издаваат над номиналниот износ, целиот вишок мора да биде уплатен пред уписот на извршеното зголемување на основната главнина во трговскиот регистар.

**член 22**

**(1)** Акционерското друштво издава обични и приоритетни акции

**(2)** Секоја обична акција дава право на глас во собранието.

**(3)** Секоја акција која дава право на глас , дава право на еден глас во собранието на друштвото.

**(4)** Вкупниот номинален износ на приоритетните акции без право на глас, не може да биде поголем од 30% од основната главнина на друштвото.

**член 23**

**(1)** Друштвото, во согласност со закон и со овој статут, може до износот на основната главнина , да издава конвертибилни обврзници коишто на доверителитте им даваат право да ги заменат за акции, во одреден период на определена опција , или во било кое време за време на траењето на обврзницата, обврзници кои обезбедуваат право на првенствено купување акции коишто друштвото ги издава како и други обврзници.Обврзниците можат да се издадат во износ поголем од основната главнина, само ако издавањето на обврзниците е целосно обезбедено со имот на друштвото или на друг начин.

**(2)** Конвертибилните обврзници од став 1 на овој член се издаваат на начин и според постапка кои со овој статут се определени за издавање на акции.

**(3)** Обврзниците се откупуваат со готови пари.

**(4)** Акционерите имаат право на првенство при стекнувањето на обврзниците од став 1 на овој член. Одредбите од овој статут што се однесуваат на правото на првенство за запишување на новоиздадени акции, соодветно се применуваат и врз остварувањето на правото на првенство за запишување на новоиздадените конвертабилни обврзници.

**член 24**

**(1)** Друштвото може ,во согласност со закон, да склучува опциски договори за купување и за продажба на акции и на обврзници и фјучерс договори на начин и според условите определени со овој статут.

**(2)** Начинот и условите под коишто друштвото ги склучува опциски договори за купување и за продажба на акции и на обврзниците, како и на фјучерс договорите, ги определува со своја одлука управниот одбор според условите за работа и одлучување определени со овој статут.

**член 25**

**(1)** Заради можност авработените да стекнат акции на друштвото бесплатно или по повластена цена се основа Фонд за акции на вработените.

**(2)** Акциите на вработените во Фондот од став 1 на овој член можат да изнесуваат најмногу до една десетина од основната главнина на друштвото.

**член 26**

**(1)** Фондот е самостојно тело , со кое управува Одбор на фондот којшто има 5 члена.

**(2)** Изборот на членовите Ђакционери на Фондот се врши со јавно гласање на Собир на членови-акционери на Фондот.Секоја акција на членовите на Фондот дава право на еден глас.

**член 27**

**(1)** Собранието донесува програма за Фондот според која вработените ќе можат да стекнуваат акции во друштвото.

**(2)** Собранието донесува одлука за издавање акции наменети за фондот од став 1 на овој член во која ги утврдуве критериумите за нивната распределба.

**(3)** Акциите Фондот ги стекнува од сопствените акции на друштвото што во согласност со закон и овој статут ќе ги стекне друштвото ,од акциите издадени од имотот на друштвото што ја надминува неговата основна главнина, од резервите и акумулираната добивка со истовремено зголемување на номиналниот износ на основната главнина.

## VI. ЗГОЛЕМУВАЊЕ И НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО

### 1. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА

**член 28**

Зголемувањето на основната главнина на друштвото може да се врши:

а.со влогови

б.со условно зголемување на основната главнина

в.со одобрен капитал

г.со средствата на друштвото

**член 29**

**(1)** Зголемувањето на основната главнина се врши со одлука на собранието за зголемување на основната главнина.Одлуката за зголемување на основната главнина има карактер на одлука за измена на статутот, освен одлуката за зголемување на основната главнина што управниот одбор ја донел според одредбата на статутот за одобрен капитал.

**(2)** Одлуката за зголемување на основната главнина содржи податоци за износот, начинот и датумот на зголемувањето на основната главнина, бројот, родот и класите на акциите, паричните и непаричните влогови врз основа на коишто се преземаат новоиздадените акции и други податоци, определени со закон, според соодветниот начин на зголемување на основната главнина.

**(3)** Одлуката за зголемување на основната главнина се донесува со мнозинство од две третини од акциите со право на глас претставени на собранието.

**(4)** Ако друштвото издаде повеќе родови акции, одлуката од став 3 на овој член е полноважна ако се согласат за тоа акционерите од секој род акции.Одлуката за согласност акционерите ја донесуваат со истото мнозинство со кое што е донесена одлуката од став 3 на овој член.

**член 30**

**(1)** При зголемување на основната главнина акционерите имаат право на првенствено запишување на новоиздадените акции сразмерно на учеството на нивните акции во основната главнина на друштвото.

**(2)** Правото на првенствено запишување на новоиздадени акции може, пред запишувањето на акциите, да биде целосно или делумно исклучено само со одлуката за зголемување на основната главнина, во согласност со овој статут, која што мора да биде објавена на начинот на кој што се објавува свикувањето на собранието.

**(3)** Собранието може да одлучува за исклучување на правото на првенство при запишувањето новоиздадени акции само врз основа на извештај, во писмена форма, на управниот одбор, во кој што се наведуваат причините за ограничувањето или за исклучувањето на правото на првенство за запишување и во која што мора да се образложи цената на издавањето на акциите. Одлуката се донесува со мнозинство од две третини од преставените акции со право на глас.

**член 31**

**(1)** Зголемувањето на основната главнина со влогови може да се врши само со издавање нови акции .Новоиздадените акции можат да се платат со пари и со внесување на непарични влогови.

**(2)** Зголемувањето на основната главнина може да се врши со парични и непарични влогови, во согласност со закон.

**(3)** Одлуката за зголемување на основната главнина со влогови може да биде донесена само ако биде уплатен во целост номиналниот износ на запишаните акции од претходната емисија.

**член 32**

**(1)** Друштвото може да донесе одлука за условно зголемување на основната главнина, само заради остварување на следниве цели:

а) доверителите на друштвото да можат да го остварат правото на замена на конвертабилните обврзници со акции на друштвото и правото на првенство за запишување на новите акции коишто друштвото ќе ги издаде;

б) подготовка за присоединување и за поделба со раздвојување со преземање или издвојување со преземање и

в) остварување на правото на акции на вработените ,на управниот одбор и на членовите на управниот одбор.

**(2)** Во одлуката за условно зголемување на основната главнина се определуваат целта на условното зголемување на основната главнина , лицата кои можат да го користат правото на првенство за запишување на новоиздадените акции, рокот во кој што мора да се изврши условното зголемување на основната главнина, условите под коишто можат да се користат овие права, износот на којшто се издаваат акциите и мерилата и критериумите според коишто овој износ може да се пресмета.

**(3)** Номиналниот износ на условно зголемената основна главнина не може да ја надмине половината од основната главнина од денот на донесувањето на одлуката за условно зголемување на основната главнина.

**(4)** Правото на замена на обврзниците , односно правото на првенство за запишување акции од ставот 1 точка 1 на овој член се остварува со писмена изјава за претворање на обврзниците во акции, односно за запишување акции. На писмената изјава , соодветно се применува член 429 од Законот за трговски друштва.

**(5)** Правото на првенство за запишување на новоиздадените акции, соодветно се применуваат и на остварување на правото на првенство за запишување на новоиздадените акции според одлуката за условно зголемување на основната главнина.

**член 33**

**(1)** Управниот одбор може најмногу за пет години по уписот на одлуката за измена на овој статут во трговскиот регистар, преку издавање нови акции врз основа на влогови, да ја зголеми основната главнина до определен номинален износ (одобрен капитал).

**(2)** Номиналниот иознос на одобрениот капитал не може да ја надмине половината од основната главнина во времето кога е дадено овластувањето за условно зголемување на основната главнина.

**(3)** Новите акции можат да се издадат само со согласност на мнозинството од членовите на надзорниот одбор.

**(4)** Издавањето нови акции се врши според одредбите од овој статут со кои што се уредува зголемувањето на основната главнина преку влогови, освен за прашањата за кои со закон поинаку е определено.

**(5)** Одредбите од овој статут што се однесуваат на правото на првенство за запишување на новоиздадени акции соодветно се применуваат и на остварување на правото на првенство за запишување на новоиздадени акции според одлуката за зголемување на основната главнина со одобрен капитал.

**член 34**

**(1)** Собранието може да ја зголеми основната главнина со одлука за зголемување на основната главнина со преобразба на добивката , резервите и нераспределените добивки коишто биле распределени за дивиденда или за коишто не била определена друга намена .

**(2)** Одлуката за зголемување на основната главнина со средствата на друштвото е заснована на последната годишна сметка потврдена од овластениот ревизор на друштвото и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година , одобрени од собранието.

**(3)** Зголемувањето на основната главнина со средства на друштвото може да се изврши со издавање нови акции или со зголемување на номиналниот износ на издадените акции.Во одлуката за зголемување на основната главнина се наведува на кој начин ќе се врши зголемувањето на основната главнина.

**(4)** Акционерите имаат право на новоиздадените акции, сразмерно на учеството на нивните акции во дотогашната основна главнина.

**член 35**

**(1**) Статутарните резерви можат да бидат претворени во основна главнина во полн износ, а законската резерва може да биде претворена во основна главнина само ако го надминува износот опредеелен со закон.

**(2)** Добивката и резервите не можат да бидат претворени во основна главнина доколку во билансот на состојбата е прикажана загуба, вклучувајќи ја и пренесената загуба од претходните години.

**(3)** Статутарните резерви коишто се определени за остварување на определена намена можат да бидат претворени во основна главнина само ако тоа е во согласност со таа намена.

**член 36**

Новите акции, издадени во согласност со овој Статут или одлука на Собранието за зголемување на основната главнина , учествуваат во добивката за онаа година во која е извршено зголемувањето на основната главнина.

**член 37**

Сите нерегулирани прашања во врска со зголемувањето на основната главнина на акционерското друштво се уредуваат согласно Законот.

## 2. НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА

**член 38**

**(1)** Основната главнина може да биде намалена со:

а) намалување на номиналниот износ на еден или на повеќе родови и на класи акции;

б) спојување на еден или повеќе родови акции, со тоа што најмалиот номинален износ на спoената акција не може да биде помал од едно евро;

в) повлекување на сопствени и на други акции, ако со повлекувањето се врши намалување на основната главнина.

**(2)** По намалувањето на номиналниот износ и бројот на акциите, односно по повлекувањето на сопствените и на други акции, ако со повлекувањето се врши намалување на основната главнина, и по уписот и по објавувањето на уписот на намалувањето на основната главнина во трговскиот регистар, акциите се поништуваат.

**(3)** Основната главнина не може да се намали повеќе од најмалиот номинален износ определен за основната главнина со закон.

**член 39**

**(1)** Намалувањето на основната главнина се врши со одлука за намалување на основната главнина што ја донесува собранието со мнозинство од две третини од акциите со право на глас претставени на собранието.

**(2)** За полноважноста на одлуката е потребна согласност на акционерите од секој род акции. За давањето согласност акционерите од секој род акции донесуваат посебна одлука.

**(3)** Со одлуката за намалување на основната главнина се определуваат износот и целта, како и начините за спроведување на намалувањето на основната главнина. Ако намалувањето служи за делумна исплата на основната главнина на акционерите, тоа посебно се наведува во одлуката.

**(4)** Во поканата со којашто се свикува собранието на коешто се одлучува за намалување на основната главнина  се наведуваат причината, целта и начинот на којшто ќе се изврши намалувањето на основната главнина.

**член 40**

**(1)** Ако намалувањето на основната главнина се врши со намалување на номиналниот износ на акциите или со спојување на еден или на повеќе родови и класи акции со намалувањето на нивниот номинален износ, на акционерите им се издаваат нови акции со нов номинален износ, сразмерно на тоа колку нивните акции учествувале во основната главнина пред намалувањето на основната главнина. Новите акции се од ист род и класа како и акциите за коишто се заменети.

**(2)** Управниот одбор доставува до Централниот депозитар за хартии од вредност барање да се извршат во акционерската книга на друштвото измени, соодветни на извршеното намалување на основната главнина , така што да се запише новиот номинален износ на акциите или намалувањето на бројот на акциите заради спојување или повлекување на акции.

**член 41**

**(1)** На акционерите може да им биде исплатен дел од намалената основна главнина дури по намирувањето на побарувањата на доверителите или по давањето обезбедување на нивните побарувања, во согласност со закон.

**(2)** Исплатите во согласност со ставот 1 од овој член можат да се вршат ако е извршено намалувањето на основната главнина и ако е извршн уписот на извршеното намалување во трговскиот регистар. Акционерите не можат да бидат ослободени од обврската да ги уплатат недоплатените уплати за акциите , односно ако не го уплатиле влогот за којшто зеле обврска да го уплатат се додека не ги намират побарувањата на доверителите кои се пријавиле., односно ако друштвото не даде соодветно обезбедување за нивните побарувања.

**(3)** Ако е поднесена тужба за поништување на одлуката за намалување на основната главнина , исплатите не можат да се вршт, односно ослободувањето од натамошна уплата на акциите не настапува пред правосилноста на одлуката на судот.

**член 42**

**(1)** Друштвото не може да исплаќа дивиденда поголема од 4% од основната главнина на друштвото пред истекот на две години од годината во којашто е донесена одлуката за намалување на основната главнина.

**(2)** Ограничувањето од став 1 на овој член не се однесува ако друштвото до уписот на одлуката за намалување на основната главнина во трговскиот регистар ги намири побарувањата на доверителите или дало соодветни обезбедувања за нивните побарувања.

**член 43**

**(1)** Поедноставено намалување на основната главнина може да се изврши само заради израмнување на номиналниот износ на основната главнина со понискиот номинален износ на основната главнина што ќе настане како последица од покривањето на загубата на друштвото на товар на основната главнина.

**(2)** Поедноставено намалување на основната главнина се врши со одлука за намалување на основната главнина. Во одлуката за намалување на основната главнина се наведува дека целта за намалувањето на основната главнина е покривање на загубата и дополнување на законските резерви.

**(3)** Основната главнина може да биде намалена на поедноставен начин само откако ќе биде потрошена нераспределената добивка и резервите на друштвото.

**(4)** Износот добиен со намалување на основната главнина не смее да им се исплатува на акционерите и не смее да се користи за тоа акционерите да се ослободуваат од натамошните уплати на влогот врз основа на којшто ги презеле акциите.

**член 44**

**(1)** Намалувањето на основната главнина може да се врши и со присилно повлекување на акции.

**(2)** Повлекувањето на акциите се врши според закон и овој статут.

**(3)** Собранието, во одлуката за намалување на основната главнина ги определува начинотна којшто ќе се спроведе повлекувањето на акциите , рокот како и подробностите како тоа треба да се спроведе.

**(4)** За исплата на надоместокот на акционерите којшто им припаѓа во случај на присилно повлекување акции , или кога акциите се стекнуваат за да бидат повлечени, како и за ослободување на акционерите од обврската за уплата на преземениот влог, на соодветен начин , се применуваат одредбите од член 445 на Законот за трговски друштва.

**(5)** Не се постапува според став 2 на овој член ако акциите за коишто во целост е уплатен номиналниот или поголемиот износ за којшто се издадени:

а) бесплатно се дадени на располагање на друштвото и

б) повлечени се на товар на добивката или на другите резерви ако тие можат да се користат за тоа.

**(6)** Во случаите од ставот 5 на овој член во капиталната добивка се внесува износот кој што одговара на износот на основната главнина која што отпаѓа на

повлечените акции. Тие средства , освен во случаите на намалување на основната главнина, не смеат да им се исплаќаат на акционерите.

**(7)** Намалувањето на основната главнина во огласност со став 5 од овој член, се врши со одлука на управен одбор .Во одлуката се определува целта на намалувањето на основната главнина.

**(8)** Одлуката за намалување на основната главнина со повлекување акции се запишува во трговскиот регистар.

**член 45**

На одлуката за намалување на основната главнина се врши предбележба во трговскиот регистар, а во рок од осум дена од денот по извршеното намалувањето на основната главнина, се поднесува пријава за упис во трговскиот регистар.

**член 46**

Сите нерегулирани прашања во врска со намалувањето на основната главнина на акционерското друштво се уредуваат согласно Законот.

## VII. ОДЛУЧУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО

### *1 СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО*

**член 47**

**(1)** Акционерите своите права во друштвото ги остваруваат на собранието, ако со закон не е поинаку определено.

**(2)** На секој акционер запишан во акционерската книга му припаѓа правото на учество во работата на Собранието и право на гласање на начин утврден со овој Статут, ако со законот поинаку не е определено. Правото на учество во работата на Собраниto на акционерското друштво го опфаќа и правото на учество во расправата.

**(3)** Членовите на управен одбор и на надзорен одбор можат да учествуваат во работата на Собранието без право на глас, освен ако не се акционери.

**член 48**

**(1)** Собранието на акционерското друштво ги донесува основните одлуки со кои се остваруваат правата и заштитуваат интересите на акционерите, како и основните одлуки што се однесуваат на организацијата и функционирањето на акционерското друштво.

**(2)** Собранието на акционерското друштво одлучува за:

а) измените и дополнувањата на Статутот на акционерското друштво;

б) зголемувањето и намалувањето на основната главнина на акционерското друштво;

в) промената на правата врзани за одделни родови на акции;

г) избор и отповикување на членовите на Надзорниот одбор;

д) одобрувањето на работата на членовите на Надзорниот и Управниот одбор;

ѓ) усвојувањето на годишните сметки и одлучувањето за употреба на добивката;

е) назначување на ревизори на годишните сметки и контролори на управувањето со акционерското друштво;

ж) преобразбата на акционерското друштво во друга форма на трговско друштво, како и за престанок на акционерското друштво;

з) издавањето на акции и други хартии од вредност, како и за

ѕ) други прашања утврдени со закон.

**член 49**

**(1)** Собранието на акционерското друштво се свикува во случаите определени со закон, како и кога тоа го бара интересот на акционерското друштво.

**(2)** Годишното собрание го свикува управниот одбор најдоцна три месеци по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година , а не подоцна од шест месеца од завршувањето на календарската година или 14 месеци од одржувањето на последното годишно собрание, со цел:

а) да се разгледаат и усвојат годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година;

б) да се одлучи за употребата на чистата добивка или за покривањето на загубата; и

в) да ја одобри работата на Управниот и Надзорниот одбор.

**(3)** Ако управниот одбор не го свика годишното собрание на време, собранието без одлагање го свикува надзорниот одбор.Ако од било кои причини, годишното собрание не се одржи во определениот рок, одлука за свикување на годишно собрание може да донесе судот по предлог на било кој акционер.

**(4)** Годишното собрание по завршување на деловната година , задолжително одлучува за одобрување на работата и за водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на управниот одбор и на надзорниот одбор.За одобрување на работата на членовите на управниот и надзорниот одбор, се гласа одделно за секој член на органот.

**(5)** Расправата и одобрувањето на работата на управниот и надзорниот одбор, односно за начинот на водењето на работењето на друштвото мора да биде поврзана со расправата за годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година.

**(6)** Ако годишното собрание не ја одобри работата на членовите или на некој член од управниот и надзорниот одбор,на истата седница , собранието може да одлучи да пристапи кон избор на сите членови на уравен и надзорен одбор,или кон избор на нови членови на управен и надзорен одбор на местото на оние на кои собранието не им ја одобрило работата.

Собранието може да одлучи членовите на управниот и надзорниот одбор, на кои им ја одобрило работата да продолжат да ги вршат неодложните работи до изборот на полниот состав на органот што се врши на продолжена седница што се одржува во рок не пократок од осум дена и не подолг од петнаесет дена од денот на објавувањето на датумот на кој што ќе продолжи седницата на годишното собрание. Денот на одржувањето на продолжената седница се објавува во дневен весник.

**(7)** Одлуката за одобрување на работата на членовиоте на управен и надзорен одбор, не го исклучува правото да се бара надомест на штета.

**член 50**

**(1)** Во случај на потреба Собранието на акционерското друштво може да се свика во времето меѓу две годишни собранија, кога тоа го бара интересот на друштвото и на акционерите.

**(2)** Управниот одбор, односно надзорниот одбор, можат со мнозинство гласови од своите членови, кога тоа е предвидено со закон, по своја иницијатива или по барање на акционер, да донесат одлука за свикување собрание.

**(3)** Барање за свикување собрание можат да поднесат акционери кои имаат најмалку една десеттина од сите акции со право на глас.

**(4)** Управниот одбор во рок од осум дена од денот на приемот на барањето на акционерите за свикување собрание, донесува одлука за прифаќање или за одбивање на барањето со образложение на причините за таквата одлука.

**(5)** Ако по барање на акционерите кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас управниот или надзорниот одбор не свика собрание во рок од 24 часа од поднесување на барањето, акционерите можат да поднесат предлог за свикување собрание до судот.

**член 51**

**(1)** Собранието на акционерското друштво се свикува со покана која им се доставува, односно испраќа на сите акционери кои се запишани во акционерската книга, кој што извод не е постар од 3 дена од денот на испраќањето на поканата. На акционерите кои се вработени во акционерското друштво поканата им се доставува лично, при што акционерот писмено треба да потврди на кој датум ја примил поканата, а на акционерите кои не се вработени во акционерското друштво поканата им се доставува со препорачано писмо.

**(2)** Собранието на акционерското друштво може да биде свикано и со објавување на повик до акционерите. Повикот се објавува на огласната табла на акционерското друштво и во во најмалку во еден дневен весник Со тоа да се смета дека секој акционер е уредно поканет.

**(3)** Рокот кој тече од денот на испраќањето на поканата, односно објавувањето на повикот за учество на Собранието до денот на одржувањето на Собранието не може да биде подолг од 50 дена ниту пократок од 21 ден до денот на одржувањето на собранието".

**член 52**

**(1)** Поканата, или јавниот повик за свикување собрание ги содржи следниве податоци:

а) фирмата и седиштето на друштвото;

б) местото и датумот на одржување на собранието

в) дневниот редослед по кој ќе работи собранието;

г) начинот на кој што се достапни материјалите за собранието коешто е свикано;

**член 53**

**(1)** Собранието може да одлучува само за прашања коишто се уредно ставени на дневен ред Собранието може да расправа, без право на одлучување и за прашања коишто не се уредно ставени на дневен ред.

**(2)** Секој акционер има право во било кое време да поднесува иницијатива за вклучување точки во дневниот ред на собранието коешто веќе е свикано.

**(3)** Акционери кои заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акциите со право на глас можат по писмен пат да бараат дополнување на дневниот ред со вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на собранието коешто е свикано.

**(4)** Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собранието коешто е свикано се испраќа до свикувачот на собранието, или до лицето определено од судот да свика собрание, и тоа во рок од осум дена од денот кога е испратена поканата, или од денот кога е објавен јавниот повик за учество на собранието.

**член 54**

**(1)** Во работата на Собранието на друштвото можат да учествуваат акционери кои го пријавиле своето учество во собранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание.

**(2)** Пред секоја седница на Собранието на друштвото, управниот одбор, или лицето овластено за свикување на собрание, составува листа (список)на акционери ,кој се става на увид во седиштето на друштвото.

**(3)**Пред почетокот на одржувањето на собранието, управниот одбор, или лицето овластено за свикување на собрание, го споредува списокот на пријавените акционери според состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност четириесет и осум часа пред одржувањето на седницата на собранието**.**

**(4)**Пред почетокот на одржувањето на собранието, списокот од став 3 го потпишуваат сите присутни акционери, или полномошник на акционер, со што го верификуваат своето присуство на собранието. Потпишаниот список со свој потпис го заверуваат претседавачот на собранието и записничарот.По заверката на списокот претседавачот на собранието го констатира кворумот за работа.

**член 55**

**(1)** Секој акционер може да овласти со полномошно, свој полномошник на собранието.

**(2)** Овластувањето на полномошникот се дава со потпишување на писмено полномошно заверено кај нотар.

**(3)** За полномошник не може да биде определен:

- член на органот на управување на друштвото, односно на надзорниот одбор или член на неговото потесно семејство;
- раководно лице во друштвото или член на неговото потесно семејство;
- член на органот на управување, односно на надзорниот одбор од поврзани или зависни друштва со друштвото и
- застапник по закон или друго овластено физичко лице од друштвото или од друго правно лице што е во сопственост на друштвото.

**(4)** Полномошното може да се откаже еднострано, без наведување на причините, од акционерот или од полномошникот, со доставување писмено известување до другата страна .Ако акционерот го евидентира своето присуство лично на собранието, се смета дека полномошното за тоа собрание на полномошникот му е откажано.

**член 56**

**(1)** Седниците на Собранието на акционерското друштво се одржуваат во седиштето на друштвото.

**(2)** Седниците на Собранието на акционерското друштво можат да се одржат и надвор од седиштето на друштвото, под услов да се одржуваат во Република Македонија.

**член 57**

**(1)** Собранието на акционерското друштво може да работи ако на него присуствуваат или се претставени акционери кои имаат во сопственост повеќе од половина од акциите кои даваат право на глас.

**(2)** Одлуките на собранието се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас претставени на собранието.

**(3)** Ако на собранието не се обезбеди кворумот од став еден на овој член, собранието не може да почне со работа.За време што не е подолго од од петнаесет дена од денот за којшто било закажано одржувањето на собранието кое немало кворум за работа, се презакажува нов термин за одржување на собранието, кој што се објавува како на начин на којшто е објавено свикувањето на собранието, коешто немало кворум за работа.

**(4)** Учеството на презакажаното собрание повторно не се пријавува.

**(5)** На презакажаното собрание може да се одлучува само по прашања утврдени во дневниот ред за првото свикување на собранието , без оглед на присутните акционери и бројот на акциите што ги имаат.На презакажаното собрание не може да се одлучува за прашања, за кои се одлучува со поголемо мнозинство од мнозинството од кворумот од став 1 на овој член.

**член 58**

**(1)** Ако дојде до прекин на седница на собрание што започнало со работа, присутните акционери на седницата на собранието може да одлучат собранието да продолжи со работа во време и место коешто се определува со мнозинство гласови од кворумот за работа на собранието.Одложувањето не може да биде подолго од осум дена од денот на прекинот.

**(2)** Ако собранието не донело одлука за продолжување со работа, претседавачот со собранието го определува времето и местото на продолжувањето на прекинатата седница.

**(3)** Учеството на продолжувањето на прекината седница на собранието повторно не се пријавува.

**(4)** Ако на продолжената седница на собрание нема кворум за работа , или таа не се одржи во рокот од став 1 , се закажува ново собрание, според условите, начинот и постапката определена со закон и со статут.

**член 59**

**(1)** Собранието на акционерското друштво одлуките ги донесува со мнозинство од гласовите на сите присутни или претставени акционери, освен ако со закон или со овој Статут не е поинаку определено.

**(2)** Одлуките за избор и отповикување на членовите на Надзорниот одбор Собранието на акционерското друштво ги донесува со мнозинство од гласовите на сите присутни или претставени акционери.

**(3)** За избор на членовите на Надзорниот одбор Собранието на акционерското друштво одлучува со јавно гласање.

**член 60**

**(1)** На седниците на Собранието на акционерското друштво се гласа јавно.

**(2)** На предлог на претседавачот на седницата на собранието се избира најмалку еден бројач на гласови

**(3)** Во случај на сомневање на резултатите од јавното гласање,по барање на еден или повеќе акционери кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број на акциите со право на глас, при изборот на членовите или член на надзорен одбор, или за нивно отповикување, се пристапува кон тајно гласање, согласно законот".

**член 61**

**(1)** Акционерот, односно акционерите кои имаат во сопственост акции во кои е претставена најмалку една десетина од основната главнина на акционерското друштво можат да поднесат предлози за избор на член, односно членови на Надзорниот одбор.

**(2)** Предлогот од став 1 на овој член на Статутот не мора да биде образложен.

**член 62**

**(1)** Секој акционер може на Собранието на акционерското друштво да бара известување за состојбата на акционерското друштво и за неговите односи со други друштва, ако таквото известување е нужно заради објективна процена на прашањата што се утврдени како точки на дневниот ред на Собранието.

**(2)** Известувањето мора да одговара на начелата на совесно полагање на сметка, а може да се ускрати само ако интересот на друштвото или јавниот интерес се позначајни од интересот на акционерот да добие известување.

**(3)** Акционерот на кој му е ускратено известувањето може да побара неговото прашање и барање и причините поради кое му е ускратено известувањето да бидат внесени во записникот од расправата.

**(4)** Акционер кој нема добиено известување може да бара заштита на своето право на известување од судот. Предлогот се поднесува во рок од петнаесет дена од денот на одржувањето на собранието.

**член 63**

Материјалите мораат да бидат достапни до акционерите од денот на испраќањето на поканата , или објавувањето на јавниот повик, во просториите на седиштето на друштвото, или доставени со препорачана пратка,телеграма ,факс, електронска пошта или дневен весник.

**член 64**

**(1)** Со седницата на собранието претседава претседавачот со собранието, кој го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата на собрание.

**(2)** Претседавачот со собранието се избира за секое одделно собрание.

**(3)** Мандатот на претседавачот со собранието трае до изборот на претседавачот на наредното собрание коешто треба да биде одржано.

**(4)** За претседавач со собранието може да биде избран секој акционер или лице кое застапува акционер.За претседавач со собранието не може да биде избран член на управен или надзорен одбор.

**член 65**

**(1)** Заради одржување на редот на седницата на Собранието претседавачот може да ги предупреди акционерите и другите учесници, да им го одземе зборот и да ги отстрани од седницата на Собранието оние што суштествено го нарушуваат редот и работењето.

**(2)** Претседавачот може да му го одземе зборот на учесникот во работата на седницата на Собранието кој не се придржува кон дневниот ред или кој со своето истапување ја нарушува работата на седницата на Собранието или го оневозможува учеството на другите во работата на Собранието.

**(3)** Претседавачот може да го отстрани учесникот од седницата на Собранието во случај ако го предупредил или му го одзел зборот, а тој и понатаму не се придржува кон редот на седницата, како и учесникот кој непристојно се однесува, ги навредува другите и со тоа ја оневозможува работата и работењето на Собранието.

**(4)** Мерките изречени заради одржување на редот на седницата на Собранието се однесуваат само за седницата на која се изречени.

**член 66**

**(1)** Собранието избира записничар и двајца акционери-заверувачи на записникот, освен ако записникот не го води нотар.

**(2**) Собранието избира и комисија за спроведување на тајно гласање.

**член 67**

**(1)** За работата на Собранието на друштвото се води записник што содржи податоци за :

а) фирмата и седиштето на друштвото;

б)датумот, времето и местото на одржувањето на Собранието на друштвото;

в) името на претседавачот со Собранието, името на записничарот и имињата на членовите на комисијата за гласање, ако се избираат;

г) дневниот ред на собранието;

д)бројот на присутните акционери, или полномошниците на акционери и кворумот за работа;

ѓ)расправата водена на собранието;

е) значајните настани на Собранието, како и поднесените предлози;

ж) одлуките, бројот на гласови "за" и "против" и бројот на воздржани гласови;

з) оградувањето на акционер како и член на Управниот и Надзорниот одбор против некоја одлука ако е изјавено оградување, или противење.

**(2)** Записникот го потпишуваат записничарот и претседавачот со Собранието, а го заверуваат заверувачи на записник, освен ако записникот не го води нотар, во

случаите кога собранието одлучува за измена на податок во согласност со член 298 од Законот за трговски друштва.

**(3)** Секој акционер може да бара од Управниот одбор издавање на копија на записникот на негов трошок.

**(4)** Записникот се подготвува најдоцна во рок од осум дена од одржувањето на собранието, а кога го води нотар, тогаш записникот се подготвува најдоцна во рок од три дена од денот на одржувањето на собранието и него го потпишува нотарот и претседавачот со собранието.

**член 68**

**(1)** Со тужба може да се бара поништување на одлука на Собранието на акционерското друштво ако таа е спротивна на законот или Статутот на акционерското друштво или на добрите деловни обичаи и со тоа се оштетува акционер или се нанесува штета на интересите на акционерското друштво.

**(2)** Тужбата од став 1 на овој член се поднесува во рок од триесет дена од денот на донесувањето на одлуката.Ако тужителот бил присутен на собранието на кое што е донесена одлуката, рокот започнува да тече од првиот нареден ден од звршувањето со работа на собранието, а ако тужителот не присуствувал на собранието на коешто е донесена одлуката , рокот започнува да тече од првиот нареден ден од денот кога можел да дознае за одлуката, но не подоцна од една година од донесувањето на одлуката.

**член 69**

**(1)** Тужбата се поднесува против акционерското друштво и му се поднесува на надлежниот суд во чиј регистар е запишано акционерското друштво.

**(2)** Акционерското друштво го застапуваат овластен член на управниот одбор, односно надзорниот одбор".

**(3)** Ако тужба поднесе управниот одбор, или некој негов член, друштвото е застапувано од члeновите на надзорен одбор, а ако тужба поднесе надзорниот одбор, друштвото е застапувано од овластен член на управниот одбор.

## 2. УПРАВЕН ОДБОР И НАДЗОРЕН ОДБОР

**член 70**

**(1)** Управувањето со акционерското друштво се организира според двостепениот систем, а органи на акционерското друштво се: Управниот одбор и Надзорниот одбор.

**(2)** Управниот одбор управува со акционерското друштво под контрола на Надзорниот одбор.

### *2 1 УПРАВЕН ОДБОР*

**член 71**

**(1)** Управниот одбор се состои од 7 (седум) членови.

**(2)** За членови на Управниот одбор можат да бидат избрани само физички лица кои се деловно способни, од кои најмалку три члена мораат да имаат својство на акционери на друштвото.

**(3)** За член на управен одбор не може да биде избрано лице против кое е изречена мерка на безбедност - забрана за вршење на дејност од определено занимање, кое делумно или целост, е опфатено во предметот на работењето на друштвото додека трае таа забрана.

**член 72**

**(1)** Ако за член на управен одбор е избрано лице вработено во друштвото, правата и обврските од работниот однос, утврдени со договорот за работа ,му мируваат почнувајќи од денот на изборот на тоа лице.

**(2)** Членот на управниот одбор за времето за коешто е избран, правата од работен однос ги остварува според условите утврдени во договорот за уредување на односите на член на управниот одбор и друштвото, во согласност со овој закон.

**(3)** Раководните лица кои со одлука на управниот одбор се назначени како лица со посебни овластувања и одговорности, ги остваруваат правата и обврските од работен однос според условите утврдени во договорот за уредување на односите меѓу управниот одбор и раководните лица.

**(4)** Со договорот за уредување на односите со раководно лице, се уредуваат: плата, надоместоците, учество во добивката, надомест на трошоците, надомест за осигурување на живот и други видови осигурувања, и другите права од работен однос. Раководните лица, во зависност од своите овластувања, можат да бидат распределени во две нивоа, а сите тие се сметаат за менаџери на друштвото.

Во името на управниот одбор, договорот со раководното лице го потпишува претседателот на управниот одбор.

**член 73**

**(1)** Членовите на Управниот одбор ги избира Надзорниот одбор на акционерското друштво.

**(2)** Предлог за избор на член на Управниот одбор може да поднесе секој член на Надзорниот одбор. Се предлага број на кандидати колкав треба да биде бројот на именуваните членови на Управниот одбор.

**(3)** Надзорниот одбор гласа поединечно за секој кандидат за член на Управниот одбор. Одлуката за избор на членовите на Управниот одбор Надзорниот одбор ја донесува со мнозинство гласови, а гласањето се врши јавно.

**(4)** Ни едно лице во исто време не може да биде член на управен одбор и член на надзорен одбор.

**(5)** За членови на првиот Управен одбор се именуваат: Д-р Димитар Хаџи-Мишев, Јовановски Јован, Велевски Георги, Поцев Ефтим, Нинески Ѓорѓи, Спировски Ристо и Стојчев Методи. За претседател на Управниот одбор и одговорен за прашањата на вработените и односите со нив се именува Д-р Димитар Хаџи-Мишев.

**член 74**

**(1)** членови на Управниот одбор се именуваат за време од 4 години.

**(2)** членовите на Управниот одбор можат повторно да бидат избрани без ограничување на можноста за реизбор.

**(3)** Член на управен одбор не може да биде избран за член на управен одбор во други акционерски друштва со седиште во Република Македонија

**(4)** Член на управен одбор може да биде избран за член на надзорен одбор најмногу во пет други акционерски друштва со седиште во Република Македонија.

**(5)**Надзорниот одбор може во било кое време , со или без образложение да ги отповика сите членови на управниот одбор, или негов член, и на истата седница надзорниот одбор избира нови членови на управниот одбор , или нов член на отповиканите членови, или отповиканиот член.

**(6)** Членот на управниот одбор може да поднесе оставка во кое било време со поднесување писмено известување до надзорниот одбор

**(7)** Потписот на членот на управниот одбор на известувањето за оставка се заверува кај нотар.

**(8)** По поднесената оставка не се одлучува за нејзино прифаќање. Ако интересите на друштвото го наложуваат тоа, управниот одбор може да го обврзе членот што дал оставка да продолжи да ја врши функцијата, се до изборот на нов член, но не подолго од шеесет дена .Се смета дека мандатот на членот на управниот одбор му престанал со денот на поднесување на известувањето за оставката.

**член 75**

**(1)** Членовите на управниот одбор имаат право на плата , или месечен надомест, право на осигурување на живот и на друг вид на осигурување , на надоместок на патни и други трошоци и други права.

**(2)** За работата на членовите на управниот одбор, собранието може со одлука да им одобри учество во добивката. Учеството, по правило , се состои од учество во дел од годишната добивка на друштвото.

**(3)** Правата и обврските на членовите на управниот одбор , покрај правата и обврските утврдени со закон, се уредуваат со договор склучен меѓу членовите на управниот одбор и друштвото. Во името на акционерското друштво, договорот со членовите на управниот одбор го склучува надзорниот одбор, а го потпишува претседателот на Надзорниот одбор.

**член 76**

**(1)** Ако некој член на Управниот одбор престанал да ги врши доверените функции во текот на траењето на мандатот или ако е спречен да ги врши доверените функции во Управниот одбор другите членови на Управниот одбор продолжуваат со работа до пополнувањето на испразнетото место.

**(2)** Членовите на Управниот одбор кои остануваат веднаш поднесуваат барање за свикување на Надзорниот одбор за да се пополни составот на Управниот одбор.

**(3)** Ако најмалку на тројца членови на Управниот одбор им престане мандатот во Управниот одбор се смета дека му престанал мандатот на целиот Управен одбор и Надзорниот одбор мора да се свика без одлагање заради именување на нови членови на Управниот одбор.

**член 77**

**(1)** Управниот одбор, покрај правата и обврските утврдени со Законот за трговските друштва, ги врши и следните работи:

а) ги донесува актите на акционерското друштво, освен актите што со закон се утврдени во надлежност на Собранието на акционерското друштво;

б) ја утврдува деловната политика на акционерското друштво и се грижи за нејзиното спроведување;

в) донесува одлуки за склучување на договори за инвестициони вложувања, за стекнување и отуѓување на недвижности и слични одлуки што не се во надлежност на Собранието на акционерското друштво;

г) донесува одлуки во врска со земањето и давањето на краткорочни и долгорочни финансиски кредити во износ до 10% од книговодствената вредност на имотот на друштвото. За износот над 10% до 20% од книговодствената вредност на имотот на друштвото одлуката ја донесува со согласност на надзорниот одбор, а за износот над 20% до 50% од книговодствената вредност на имотот на друштвото со согласност на сите членови на надзорниот одбор.

д) донесува одлуки за склучување на договори што не се во врска со редовното работење на акционерското друштво, како што се договори за лиценца, за вложување, за долгорочна кооперација и слично;

ѓ) донесува одлуки за набавка на трајни средства за работење на акционерското друштво;

е) ги утврдува предлозите на одлуките за кои одлучува Собранието на акционерското друштво, освен оние за кои е надлежен Надзорниот одбор;

ж) одлучува за именување и разрешување на лицата носители на раководни функции во акционерското друштво;

з) одлучува за внатрешната организација на акционерското друштво и го утврдува бројот на лицата што се потребни за вршење на дејноста на друштвото, како и нивните квалификации;

ѕ) одлучува по приговори како второстепен орган; и

и) врши и други работи утврдени со овој Статут.

**(2)** Управниот одбор, во рамките на овластувањата утврдени со Законот за трговските друштва и овој Статут, има најшироки овластувања за дејствување во сите околности во името на акционерското друштво со исклучок на овластувањата што му се дадени на Надзорниот одбор и на Собранието на акционерското друштво.

**член 78**

**(1)**Управниот одбор со претходно одобрение на надзорниот одбор , одлучува за:

а) Затворање (престанување) или пренос на претпријатие или на негов дел што учествува со над 10% во приходот на друштвото;

б) Намалување или проширување на предметот на работењето на друштвото;

в) Суштествени внатрешни организациони промени на друштвото што се определуваат со акт на друштвото;

г) воспоставување долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за друштвото или нејзино прекинување;

д) основање и престанување на трговско друштво што учествува со над една десеттина во основната главнина на друштвото;

ѓ) основање и престанување на подружници на друштвото;

**(2)** Немањето претходно одобрение од надзорниот одбор не може да се истакнува спрема трети лица.

**член 79**

**(1)** Со одлуката за избор на членовите на Управниот одбор Надзорниот одбор го именува и Претседателот на Управниот одбор. Претседателот на Управниот одбор се именува од редот на членовите на Управниот одбор кои имаат својство на акционери на друштвото.

**(2)** Претседателот на Управниот одбор ги свикува состаноците на Управниот одбор. Управниот одбор одржува состанок кога тоа го налага извршувањето на работите во рамките на неговите надлежности.

**(3)** Секој член на управниот одбор , со барање поднесено во писмена форма, може со наведување на причините и целта да бара од претседателот да свика состанок на управниот одбор.

**(4)** Претседателот на управниот одбор ги свикува состаноците и претседава со нив, одговорен е за водењето на записникот од состаноците и за организацијата на други форми преку коишто управниот одбор работи и одлучува.

**(5)** Ако претседателот од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или ако е отсутен ,подолго од седум дена, со состаноците на управниот одбор претседава член на управниот одбор именуван од надзорниот одбор.

**член 80**

**(1)** Членовите на управниот одбор можат да учествуваат и одлучуваат на состанок, организиран со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираниот состанок може да се слушаат, да се гледаат и да разговараат еден со друг.

**(2)** Учеството на состанокот се запишува во записникот на управниот одбор, кој го потпишуваат сите членови што учествувале на состанокот.

**(3)** Управниот одбор може да одлучува и без одржување состанок ако сите членови на управниот одбор, дадат согласност за одлуката којашто се донесува без одржување состанок.

**(4)** Одлуките донесени без одржување состанок влегуваат во сила со денот на давањето на согласност од страна на сите членови на управниот одбор.Давањето согласност може да биде извршено со своерачен потпис, или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлог-одлуката.

**член 81**

Управниот одбор, при подготвувањето и спроведувањето на одлуките на собранието, особено е должен:

а) на барање на собранието да ги подготви општите акти и одлуките чиешто донесување е во надлежност на собранието,

б) да ги подготви договорите кои можат да се склучат само со согласност на собранието,

в) да ги извршува одлуките коишто собранието ги донесува во рамките на неговата надлежност, и

г) да врши и други работи коишто со овој закон ги има спрема собранието и што се во рамките на неговата надлежност.

**член 82**

**(1)** Управниот одбор може да одлучува полноважно ако на седницата се присутни најмалку половина од сите негови членови.

**(2)** Во Управниот одбор одлуките се донесуваат со мнозинство на гласови од сите членови.

**(3)** Во случај на поделба на гласовите гласот на Претседателот на Управниот одбор е одлучувачки.

**член 83**

**(1)** Управниот одбор, со одобрение на надзорниот одбор, може да овласти еден или повеќе членови на управниот одбор да го застапуваат друштвото.Во тој случај, другите членови на управниот одбор се исклучени од застапувањето.Овластувањето за застапувањето може да биде повлечено во секое време од надзорниот одбор.

**(2)** Управниот одбор поднесува пријава за упис во трговскиот регистар на членовите на управниот одбор овластени за застапување.Пријавата ја потпишуваат сите членови на управниот одбор, освен ако членовите на управниот одбор не дале писмено овластување на член на управниот одбор да ја потпише пријавата.

**(3)** Членовите на управниот одбор коишто го застапуваат друштвото можат да го носат називот генерален директор или друг назив.

**член 84**

**(1)** Управниот одбор најмалку еднаш во три месеци му поднесува на Надзорниот одбор писмен извештај за работењето на акционерското друштво.

**(2)** Управниот одбор по истекот на деловната година му поднесува на Надзорниот одбор нацрт на годишната сметка и годишен извештај за работењето на акционерското друштво.

**(3)** На барање на Надзорниот одбор, Управниот одбор составува посебен извештај за состојбата на акционерското друштво или за некој посебен аспект во неговото работење.

**(4)** Надзорниот одбор може самиот или преку други лица да презема дејства заради стекнување увид во работењето на акционерското друштво и управувањето со него од страна на Управниот одбор. На барање на најмалку една третина од членовите на Надзорниот одбор, Управниот одбор е должен да ги подготви сите документи и известувања потребни за вршење на надзор над неговата работа.

**(5)** Секој член на Надзорниот одбор има право да ги разгледува сите извештаи, документи и известувања што Управниот одбор ги доставил на Надзорниот одбор.

**член 85**

**(1)**За работата на секој состанок на Управниот одбор, без разлика како е одржан се подготвува записник.

**(2)**Записникот мора да се изготви во рок од три дена од денот на одржувањето на состанокот, ако со закон не е поинаку определено;

**(3)**Записникот треба да содржи податоци за начинот на којшто работел управниот одбор, времето и местото на одржување на состанокот, лицата кои присуствувале и дневниот ред, прашања кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање, вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале "ЗА" и "ПРОТИВ"одлуките усвоени на состанокот.

**(4)**Записникот го потпишуваат сите членови на управниот одбор кои биле присутни на состанокот, како и претседателот на Управниот одбор.

**член 86**

**(1)** За извршување на работите од својата надлежност, управниот одбор може да формира постојани и времени комисии.

**(2)** Постојаните и времените комисии не можат да одлучуваат за прашања што со овој статут се определени во надлежност на управниот одбор, ниту можат да им се пренесат нивните права и обврски.

### *2 1 НАДЗОРЕН ОДБОР*

**член 87**

**(1)** Надзорниот одбор на акционерското друштво го сочинуваат 5 (пет) члена.

**(2)** Еден од членовите на надзорниот одбор е независен член на надзорниот одбор.

**член 88**

**(1)** За член на Надзорниот одбор може да биде именувано физичко лице кое е деловно способно.

**(2)** За член на Надзорниот одбор може да се именува и правно лице. Кога за член на Надзорниот одбор ќе биде именувано правно лице, тоа веднаш по именувањето определува постојан застапник кој е подведен под исти услови и обврски и презема иста одговорност како да е член на Надзорниот одбор во свое име, со што не е исклучена и солидарната одговорност на правното лице кое го претставува.

**(3)** За член на Надзорниот одбор не може да биде именувано лице кое е веќе член на Управниот одбор на акционерското друштво.

**(4)** За членови на првиот Надзорен одбор се именуваат: Делидинков Гроздан, Илиев Дине, Кировски Христо, Велков Љубомир и Ковачевски Зоран.

**(5)** Собранието ,со одлука ,ги определува месечниот паушал или паушалот по состанок на членовите на надзорен одбор., кои имаат право и на надомест на сите други трошоци,право на осигурување на живот и на друг вид на осигурување како и други права поврзани со вршењето на нивната функција.

**член 89**

**(1)** Членовите на Надзорниот одбор се избираат на време од 4 години.

**(2)** Членовите на Надзорниот одбор можат повторно да бидат избрани без разлика колку мандати претходно биле избрани.

**член 90**

**(1)**Собранието ги избира членовите на надзорниот одбор. При изборот на членовите на надзорен одбор се назначува кои членови се избираат како независни членови на надзорниот одбор.

**(2)**Независен член на надзорниот одбор, може да биде физичко лице кое што лично, или член на неговото потесно семејство:

а) во последните пет години немало материјален интерес или деловен однос со друштвото, како деловен партнер, како член на управен или надзорен одбор, или како раководно лице,

б) во последните пет години нема примено или не прима дополнителни примања, освен плата од друштвото,

в) нема блиски семејни врски со некој од членовите на органите на управниот одбор, надзорниот одбор , или од раководните лица на друштвото,

г) не е акционер кој поседува повеќе од една десетина од акциите на друштвото или не застапува акционер кој поседува повеќе од една десетина од акциите на друштвото.

д) поседува стручни квалификации сродни со предметот на работењето на друштвото;

**(3)** Член на надзорен одбор во исто време не може да биде избран во повеќе од пет надзорни одбори на акционерски друштва со седиште во Република Македонија.

**Член 91**

**(1)**Членовите на надзорниот одбор ги избира собранието на друштвото со мнозинство гласови од акциите со право на глас од кворумот определен за работа на собранието.

**(2)**Најдоцна седум дена пред собранието да пристапи кон избор на членови на надзорен одбор, за секој кандидат во писмена форма се објавуваат податоци за возраста, полот, образованието, работно искусто и како го стекнал, во кои друштва бил член на управен , или надзорен одбор и другите поважни функции што ги вршел, број на акции што ги поседува во друштвото и во други друштва, како и заемите и другите обврски што ги има спрема друштвото.

**(3)**Одлуката на собранието за избор на надзорен одбор, или на нивни член влегува во сила со денот на донесувањето.Пријавата за упис во трговскиот регистар на избраниот надзорен одбор, или на негов член ја поднесува лицето определено со одлука на собранието.

**член 92**

**(1)** Собранието на друштвото може да ги отповика сите членови на надзорен одбор, или член на надзорниот одбор и пред истекот на времето за кој што биле избрани. За одлуката за отповикување е потребно мнозинство гласови од акциите со право на глас, преставени во собранието.

**(2)** Членот на надзорниот одбор може да поднесе оставка во кое било време со поднесување писмено известување до органот што го избрал.

**(3)** Потписот на членот на надзорниот одбор на известувањето за оставка се заверува кај нотар.

**(4)** По поднесената оставка не се одлучува за нејзино прифаќање. Ако интересите на друштвото го наложуваат тоа, надзорниот одбор може да го обврзе членот што дал оставка да продолжи да ја врши функцијата, се до изборот на нов член, но не подолго од шеесет дена .Се смета дека мандатот на членот на надзорниот одбор му престанал со денот на поднесување на известувањето за оставката.

**член 93**

**(1)** Ако бројот на членовите на надзорниот одбор се намали под бројот определен со статутот, но не помал од минималниот определен со закон, надзорниот одбор може ,во рок од деведесет дена од денот кога на членот му престанала функцијата, да го пополни неговиот состав со избор на вршител на должноста член на надзорниот одбор до наредното собрание.Донесените одлуки и преземените правни работи и дејствија од страна на надзорниот одбор остануваат полноважни.

**(2)** Ако бројот на членовите на надзорниот одбор се намали под бројот определен со закон, преостанатите членови, мораат во рок од три дена да свикаат собрание за да се пополни составот на надзорниот одбор. Ако собранието не биде свикано во овој рок, собранието го свикува управниот одбор во рок од три дена по истекот на претходниот рок.

**(3)** Ако не се изврши избор на вршител на должност на член на надзорен одбор, односно ако не се свика собрание, секое лице кое има правен интерес може , со предлог до судот, да бара од судот да определи физичко лице кое ќе го свика собранието.

**член 94**

**(1)** Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со друштвото што го врши управниот одбор.

**(2)** Надзорниот одбор може да врши увид и да ги проверува книгите и документите на друштвото како и имотот, особено благајната на друштвото и хартиите од вредност и стока.

**(3)** На надзорниот одбор не можат да му се пренесуваат овластувања во врска со управувањето со друштвото.

**(4)** За прашања за кои управниот одбор одлучува со претходно одобрение на надзорниот одбор, по добиеното барање, надзорниот одбор е должен да се произнесе во рок од седум дена. Ако надзорниот одбор одбие да даде одобрение, или не се произнесе во определениот рок, управниот одбор може да бара одобрение од собранието. Одлуката со која собранието дава одобрение се донесува со мнозинство од две третини гласови од акциите со право на глас претставени на собранието

**член 95**

**(1)** Надзорниот одбор од редот на своите членови, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на надзорниот одбор избира претседател на надзорниот одбор.

**(2)** Надзорниот одбор може да го разреши претседателот на надзорниот одбор во било кое време и да избере нов претседател.

**(3)** Претседателот на надзорниот одбор ги свикува седниците и претседава со нив, одговорен е за водењето на евиденција за состаноците и организирањето на другите начини на работа и одлучување на надзорниот одбор.

**(4)** Ако претседателот на надзорниот одбор од било кои причини не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, со состаноците на надзорниот одбор претседава член на надзорниот одбор избран со мнозинство гласови на присутните членови на надзорниот одбор.

**член 96**

**(1)** За работата на секој состанок на надзорниот одбор, без разлика како е одржан се подготвува записник.

**(2)** Записникот мора да се изготви во рок од три дена од денот на одржувањето на состанокот, ако со закон не е поинаку определено;

**(3)** Записникот треба да содржи податоци за начинот на којшто работел надзорниот одбор, времето и местото на одржување на состанокот, лицата кои присуствувале и дневниот ред, прашања кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање,вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале "ЗА" и "ПРОТИВ"одлуките усвоени на состанокот.

**(4)** Записникот го потпишуваат сите членови на надзорниот одбор кои биле присутни на состанокот, како и претседателот на надзорниот одбор.

**член 97**

**(1)** Надзорниот одбор може да работи ако на седницата се присутни најмалку половина од членовите.

**(2)** Надзорниот одбор одлуките ги донесува со мнозинство од гласовите на сите членови на одборот.

**(3)** Гласот на Претседателот на Надзорниот одбор е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.

**(4)** Одлуките на надзорниот одбор влегуваат во сила со денот на нивното донесување, ако со закон не е поинаку определено.

**член 98**

**(1)** Членовите на надзорниот одбор можат да учествуваат и одлучуваат на состанок, организиран со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираниот состанок може да се слушаат, да се гледаат и да разговараат еден со друг.

**(2)** Учеството на состанокот се запишува во записникот на надзорниот одбор, кој го потпишуваат сите членови што учествувале на состанокот.

**Член 99**

**(1)** Надзорниот одбор може да одлучува и без одржување состанок ако сите членови на надзорниот одбор, дадат согласност за одлуката која се донесува без одржување состанок.

**(2)** Одлуките донесени без одржување состанок влегуваат во сила со денот на давањето на согласност од страна на сите членови на надзорниот одбор.Давањето согласност може да биде извршено со своерачен потпис, или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлог-одлуката.

**член 100**

**(1)** Надзорниот одбор одржува состанок ако тоа го налага извршувањето на работите на неговите надлежности.

**(2)** Секој член на надзорниот одбор со барање поднесено во писмена форма, може со наведување на причините и целта да бара од претседателот на надзорниот одбор да свика состанок на надзорниот одбор. Состанокот мора да се одржи во рок од петнаесет дена од денот кога е поднесено барањето.

**(3)** Надзорниот одбор , во текот на годината ,задолжително одржува најмалку четири редовни состаноци и тоа на секои три месеци, при што еден од нив задолжително мора да се одржи во рок од еден месец пред одржување на годишното собрание.

**член 101**

На седниците на Надзорниот одбор не може да присуствуваат лица кои не се негови членови или не се членови на Управниот одбор. На седниците може да се повикаат известувачи и советници за пооделни прашања за кои одлучува Надзорниот одбор.

**член 102**

Членовите на надзорниот одбор одговаат солидарно за предизвикана штета на друштвото заедно со членовите на управниот одбор , ако при давањето на претходното одобрение не постапувале со внимание на уреден и совесен трговец.

**член 103**

**(1)** За извршување на работите од својата надлежност, надзорниот одбор може да формира постојани и времени комисии.

**(2)** Постојаните и времените комисии не можат да одлучуваат за прашања што со овој статут се определени во надлежност на надзорниот одбор, ниту можат да им се пренесат нивните права и обврски.

## VIII. ЗАСТАПУВАЊЕ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО

**член 104**

**(1)** Акционерското друштво во односите со третите лица го застапува Претседателот на Управниот одбор.

**(2)** Претседателот на Управниот одбор, во рамките на своите надлежности и во рамките на предметот на работењето на акционерското друштво, е овластен да склучува договори и презема други правни работи, како и да го застапува акционерското друштво пред судовите и други органи и правни лица.

**(3)** Дејствата, односно актите на Претседателот на Управниот одбор што се извршени, односно донесени надвор од надлежностите, односно овластувањата на Управниот одбор, го обврзуваат акционерското друштво во однос на третите лица, доколку не се докаже дека тие знаеле дека дејствата, односно актите ги надминуваат надлежностите, односно овластувањата или дека тоа морале да го знаат со оглед на сите околности. Објавувањето на Статутот и неговите одредби со кои се ограничуваат надлежностите, односно овластувањата на Управниот одбор не може да се истакнува спрема трети лица.

**член 105**

**(1)** Претседателот на Управниот одбор може да даде овластување на друго физичко лице или правно лице за застапување на акционерското друштво.

**(2)** Полномошното за застапување на акционерското друштво се дава во писмена форма.

**(3)** Претседателот на Управниот одбор може да даде генерално полномошно, за склучување на една или повеќе определени правни работи и специјално

полномошно, за склучување на само еден или повеќе договори и преземање на определени поединечни дејства.

## IX. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДОБИВКАТА И ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБАТА

**член 106**

**(1)** Врз основа на усвоената сметка за добивката и загубата на акционерското друштво прво се врши распоредување на дел од добивката во резервите на друштвото. Во резервите на акционерското друштво може да се распореди најмногу половина од добивката од тековната година. Притоа прво мора да се издвои износот за покривање на загубите од поранешните години и за законската резерва.

**(2)** Собранието на акционерското друштво може со одлуката за употреба на добивката да внесе во резерви и други износи. Собранието може да одлучи добивката да се употреби и за други цели и да не им се дели на акционерите.

**(3)** Акционерите имаат право да им се подели дивиденда, освен ако во согласност со закон или овој Статут не е определено добивката да не им се дели на акционерите.

**член 107**

**(1)** Собранието на акционерското друштво одлучува за употребата на добивката согласно годишните сметки.

**(2)** Во одлуката за употреба на добивката се прикажува секоја поединечна намена на добивката, а особено се наведуваат:

а) добивката според билансот на успехот;

б) износот што треба да им се даде на акционерите;

в) износите што треба да се внесат во резервите на акционерското друштво;

г) евентуалниот пренос на добивката во наредната година и

д) дополнителните издатоци врз основа на одлуката.

ѓ) износот на добивката за покривање на загубата од минати години.

**(3)** Со одлуката за употреба на добивката не можат да се вршат измени во годишните сметки на акционерското друштво.

**член 108**

**(1)** Акционерското друштво внесува во општиот резервен фонд 15 % од добивката на тековната година се додека резервниот фонд не достигне износ од којшто е еднаков на една петтина од основната главнина на акционерското друштво. Ако така создадениот резервен фонд се намали се дополнува на ист начин.

**(2)** Додека општата резерва не го надмине со закон определениот најмал износ, може да се употребува само за покривање на загубите.

**(3)** Кога општата резерва ќе го надмине најмалиот износ и по покривање на сите загуби, со одлука на собранието ,вишокот може да се употреби за дополнување на дивидендата, ако таа за деловната година не го достигнала најмалиот износ пропиШан со закон.

**(4)** Она што во резервата е внесено врз основа на доплата на акционерите, не може да се употреби за дополнување на дивидендата.

**член 109**

**(1)** По одобрувањето на годишните сметки и утврдувањето на постоење на добивка за распределба, Собранието на акционерското друштво го определува делот што се исплатува на акционерите во форма на дивиденда. Начините на плаќање на дивидендата ги утврдува Собранието на акционерското друштво.

**(2)** Учеството на акционерите во добивката се определува според минималните номинални износи на акциите.

**(3)** Ако влоговите во основната главнина не се платени во целина или не се уплатени за сите акции во иста сразмера, акционерите учествуваат во поделбата на добивката во сразмер на она што го уплатиле.

**(4)** Дивидендата се исплатува најдоцна во рок од девет месеци по завршувањето на деловната година.

**(5)** Ако Управниот одбор по истекот на деловната година, а пред усвојувањето на годишните сметки, сознае дека имотната состојба на акционерското друштво како последица на загубите значително и потрајно се влошила, за тоа го известува Собранието на акционерското друштво. Во тој случај не се дели соодветниот дел од добивката што произлегува од билансот на успехот, туку се пренесува на сметка на тековната деловна година.

**Член 110**

Со одлуката на собранието со којашто се одобрува плаќање на дивиденда се определува:

а) износот на дивидендата,

б) датумот на евиденција според којшто се определува листата на акционерикои имаат право да добијат дивиденда,

в) планот за исплата на дивидендата и денот на којшто дивидендата се исплаќа, и начинот на кој друштвото ги известува лицата кои имаат право на дивиденда.

**член 111**

**(1)** Собранието на акционерското друштво може да одлучи дивидендата да не се исплатува на акционерите.

**(2)** При донесувањето на одлуката од став 1 на овој член на Статутот Собранието на акционерското друштво ќе се раководи од потребите на акционерското друштво во поглед на развитокот, вложувањето на средствата во инвестиции и другите околности што ги определуваат интересите на акционерското друштво.

**член 112**

**(1)** Управниот одбор може во текот на деловната година врз основа на периодичната сметка, или периодични финансиски извештаи за трите, шесте, односно деветте месеца, потврдени од овластен ревизор на друтвото, да им исплати аванс на акционерите на име дивиденда.

**(2)** Управниот одбор може да го исплати авансот на дивиденда само до износот на добивката која што е остварена во периодот за којшто се исплаќа авансот на дивиденда,при што не може да ја надмине вкупната добивка остварена во претходната година одобрена со годишната сметка, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години и со резервите кои можат да се распределуваат за оваа цел, намалени за износите коишто се издвојуваат за законските резерви и за резервите утврдени со статутот, за периодот за којшто се пресметува авансот на дивидендата, ако не се покриени загубите од претходните години, а тие од кои било причини не биле покриени со последната одобрена годишна сметка и со финансиските извештаи**.**

**(3)** За исплата на аванс е потребна согласност од надзорен одбор.

**член 113**

**(1)** Во случај акционерското друштво по годишните сметки да искаже загуба, Управниот и Надзорниот одбор се должни на Собранието на акционерското друштво да му предложат начин на покривање на загубата.

**(2)** Загубата на акционерското друштво се покрива од сите расположиви средства на акционерското друтво и други средства, во согласност со законот.

**(3)** Во врска со работењето на акционерското друштво со загуба, Собранието ќе ја преиспита работата на Управниот и Надзорниот одбор, а особено работата на членовите на Управниот одбор и ќе ги преземе со закон и со овој Статут предвидените мерки.

**(4)** Во одлуката за покривање на загубата се наведуваат изворите за нејзиното покривање, а особено:

а) од дотации;

б) со отпис на побарувањата на доверителите;

в) на товар на задолжителната општа резерва;

г) на товар на посебните резерви за покривање загуби; и

д) на товар на главнината, со нејзино намалување.

**член 114**

Ако годишните сметки покажуваат загуба што ги надминува резервите, како и една третина од основната главнина, Управниот одбор мора, иако имотот на акционерското друштво е поголем од неговите обврски, во најкус рок да го свика Собранието на акционерското друштво, а ова ќе одлучи дали акционерското друштво и понатаму ќе продолжи да работи или ќе престане со работа.

**член 115**

Прифаќањето на работењето во претходната година и донесувањето на одлука за распоредување на годишната добивка на акционерското друштво значи одобрување на работата на Управниот одбор и на Надзорниот одбор.

## X. ГОЛЕМА ЗДЕЛКА И ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА

**член 116**

**(1)** Секоја голема зделка којашто се однесува на имот чијашто вредност е проценета над 20% до 50% од книговодствената вредност на имотот на друштвото, се донесува со согласност на сите членови на надзорниот одбор.

**(2)** Ако не се постигне согласноста од став 1 на овој член, надзорниот одбор може да одлучи големата зделка за која треба да се донесе одлука, да ја поднесе на одобрување на собранието.Одлуката собранието ја донесува со мнозинство од преставените акции на собранието со право на глас.

**(3)** Одлука за одобрување на голема зделка , чиј што предмет е имот чијашто вредност е проценета над 50% од книговодствената вредност на имотот на друштвото, се донесува со мнозинство од две третини од акциите со право на глас претставени на собранието.

**член 117**

**(1)** Секоја зделка, во која заинтересираната страна е член на управниот одбор, вклучувајќи ги и раководните лица, или акционер на друштвото кој заедно со поврзаните лица поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите со право на глас на друштвото, или лице кое има овластување да дава упатства на друштвото што се задолжителни, се смета за зделка со заинтересирана страна, и се извршува од страна на друштвото во постапка во согласност со одредбите на овој статут.

**(2)** Се смета дека лицето од став 1 на овој член е заинтересирана страна и има интерес во извршување на зделката од страна на друштвото доколку тоа лице, негов застапник,сопружник, родители, деца, браќа/сестри од двајца родители или од еден родител, родители посвоители, посвоени деца, или некое лице поврзано со нив:

а) е страна во таквата зделка, нејзин корисник, застапник или посредник во таква зделка или

б) поединечно или заедно поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите на правното лице кое е страна во зделката, нејзин корисник, застапник или посредник во таквата зделка или

в) е член на управен одбор или надзорен одбор на лицето кое е страна во зделката, нејзин корисник или застапник во таквата зделка, или е раководно лице на тоа правно лице.

**(3)** Одредбите од став 1 и 2 на овој член нема да се применуваат :

а) ако сите акционери на друштвото имаат интерес во зделката,

б) во случај на остварување на правото на првенствено купување акции, издадени од друштвото и

в) при стекнување или откуп на сопствени акции.

**член 118**

**(1)** Одлуката за одобрување на секоја зделка со заинтересирана страна се врши со мнозинство гласови од членовите на управниот одбор кои немаат интерес во зделката.Ако сите членови на управниот одбор се заинтересирани страни, или ако бројот на членовите на управниот одбор кои немаат интерес е помал од бројот потребен за кворум за седница на управниот одбор, таквата зделка ја одобрува собранието.

**(2)** Собранито ја одобрува зделката со заинтересирана страна со мнозинство гласови на сите акционери кои немаат интерес, а кои поседуваат акции со право на глас, и тоа ако:

а) вредноста на имотот на којшто се однесува ваквата зделка или поврзаните зделки изнесува 2% или повеќе проценти од книговодствената вредност на имотот на друштвото, според последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото или во однос на понудената цена во случај кога треба да се купи имот;

б) зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување или продажба на акции што изнесуваат повеќе од 2% од обичните акции на друштвото, преостанати во тој период и обичните акции во кои можат да се конвертираат хартии од вредност претходно издадени во серии и кои можат да бидат конвертирани во акции или

в) зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување на конвертабилни обврзници, што може да се конветираат во обични акции, а кои изнесуваат повеќе од 2% од издадените обични акции на друштвото и

ако, во исто време , претходно издадените обични акции во серии се конвертабилни во акции.

**(3)** Во одлуката со која се одобрува зделката со заинтересирана страна се определува лицето кое е страна на зделката или е корисник, како и вредноста, предметот и другите материјални услови на зделката.

## XI. ИЗВЕСТУВАЊЕ ВО АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО И ОБЈАВУВАЊЕ

**член 119**

Органите на акционерското друштво, во рамките на своите надлежности, се известуваат меѓу себе за преземањето на активностите и за резултатите од тие активности во поглед на развојната и деловната политика, тековното остварување и деловните резултати на акционерското друштво.

**член 120**

**(1)** На секој акционер мора да му се обезбеди право на увид во актите и другите документи на друштвото, во седиштето на друштвото ,со непосреден увид.

**(2)** Правото на информирање за записниците и одлуките од состаноците на управниот одбор, акционерите го остваруваат преку надзорниот одбор.

**член 121**

**(1)** Управниот одбор го определува начинот на објавувањето на податоците и извештаите кои мораат да бидат објавени во гласило на друштвото, во дневен весник, интернет или на друг начин, и ги утврдува податоците и извештаите кои се објавуваат, а се значајни за акционерите и друштвото.

**(2)** Друштвото има право, одредени податоци со чие неконтролирано откривање може да биде нанесена штета на неговите деловни интереси, да ги утврди (прогласи) за деловна тајна.

**(3)** Секој член на управниот, односно надзорниот одбор, должен е како деловна тајна да ги чува сите известувања и податоци што на било кој начин се однесуваат на работењето на друштвото, а кои ги добил како доверливи.

**(4)** Постапката и условите за утврдување на податокот за деловна тајна, се утврдуваат со правилник кој го донесува собранието на друштвото.

## XI. АКТИ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО

**член 122**

Економските и други односи во акционерското друштво се уредуваат со Статутот, правилниците, одлуките со кои се уредуваат прашања од општо значење и деловници.

**член 123**

**(1)** Статутот на акционерското друштво е основен акт со кој се уредуваат односите во друштвото.

**(2)** Другите акти на акционерското друштво мора да бидат во согласност со одредбите на Статутот. Одредбите на другите акти што се во спротивност со одредбите на Статутот не можат да се применуваат. Во случај на спор Собранието на акционерското друштво констатира дали актот е во несогласност со одредбите на Статутот на акционерското друштво.

**член 124**

**(1)** Статутот се менува со одлука за измена на статутот.

**(2)** Постапка за измена на статутот може да покренат управниот одбор, надзорниот одбор, како и акционерите кои имаат најмалку едне десетина од вкупниот број на акции со право на глас.Иницијативата во форма на амандман се доставува до управниот одбор ,а кога за тоа е овластен со закон , и до надзорниот одбор.

**(3)** Предлог -одлуката за измена на статутот, во која што се наведени предложените измени,без разлика кој ја дал иницијативата, ја утврдува управниот одбор, а кога за тоа е овластен со закон , и надзорниот одбор.

**(4)** Одлуката за измена на статутот ја донесува собранието.

**(5)** Одлуката за измена на статутот се усвојува со мнозинство од две третини од акциите со право на глас претставени на собранието.

**(6)** Собранието со одлука за измена на статутот , го овластува надзорниот одбор да подготви пречистен текст на статутот во кој што се внесуваат измените извршени со одлуката за измена на статутот, како и одредбите од одлуките кои имаат карактер на одлука за измена на статут .

**член 125**

**(1)** Управниот одбор, во рамките на својата надлежност, донесува правилници како и одлуки со кои се регулираат одделни ситуации што имаат општо значење.

**(2)** Односите меѓу акционерското друштво како работодавач и синдикатот како претставник на работниците се уредуваат со колективен договор склучен на ниво на акционерското друштво. Во името на акционерското друштво колективниот договор го склучува Управниот одбор.

**(3)** Правилата за сопственото работење, согласно законот и овој Статут, Собранието на акционерското друштво и Управниот одбор можат да ги уредат со деловник.

**член 126**

**(1)** Актите Управниот одбор ги донесува на начин на кој овој орган одлучува согласно законот и одредбите на овој Статут. Измените и дополнувањата на актите на акционерското друштво се вршат на начин и во постапка што е пропишана за нивното донесување.

**(2)** Управниот одбор може во деловникот за своето работење, согласно законот и одредбите на овој Статут, да утврди дополнителни одредби во поглед на донесувањето на актите.

**член 127**

Актите на друштвото влегуваат во сила со денот на донесувањето, освен ако со закон не е поинаку определено.

**член 128**

Во актот може да се утврди дека актот или одделни негови одредби можат да имаат повратно дејство само кога тоа го допушта природата на односите што се уредуваат со тој акт.

**член 129**

**(1)** Друштвото, во своето седиште, мора да ги чува следниве акти и документи:

а) статутот и другите акти како и сите нивни измени и дополнувања, заедно со пречистените текстови;

б) записниците и сите други документи од сите собранија на акционери;

в) записниците и одлуките од состаноците на управниот и надзорниот одбор;

г) годишните сметки и финансиските извештаи коишто треба да се чуваат според закон;

д) прилози коишто се поднесени до трговскиот регистар;

ѓ) сите јавни повици и проспекти за издавање акции и други хартии од вредност на друштвото;

е) целокупната писмена коресподенција на друштвото со неговите акционери;

ж) ажурирана листа со имиња и презимиња и адреси на сите избрани членови на управниот и надзорниот одбор;

з) документите за залог и хипотека;

ѕ) извештајот на овластениот ревизор и извештајот на овластениот проценител;

и) гласачките ливчиња и полномоштвата за учество на собранието во оригинал или копија;

ј) колективниот договор на ниво на друштвото;

к) други акти и документи предвидени со закон.

**член 130**

**(1)** Поединечните акти на акционерското друштво ги донесуваат органите на акционерското друштво, како и лицата со раководни функции во акционерското друштво.

**(2)** Поединечните акти мора да бидат во согласност со законот и со овој Статут, како и со актите што ги донесува Управниот одбор.

## XII. ПРЕСТАНОК НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО СО ОДЛУКА НА СОБРАНИЕТО

**член 131**

**(1)** Друштвото престанува со :

а) одлука на собранието за престанување на друштвото донесена со мнозинство гласови од две третини од акциите со право на глас претставени на собранието;

б) со правосилна одлука на судот се утврди ништовност на друштвото и на уписот на друштвото во трговскиот регистар;

в) стечај.

**(2)** Управниот одбор, или друго физичко лице овластено од собранието кое што ја донело одлуката за престанување на друштвото, поднесува пријава заради упис во трговскиот регистар на одлуката за престанување на друштвото.

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**член 132**

Овој Статут произведува правно дејство со денот на донесувањето на одлуката за измена на статутот.

**член 133**

**(1)** За оригинален примерок на овој Статут се смета оној текст на Статутот што е усвоен на конститутивното Собрание, чии страници се парафирани од страна на претседавачот на конститутивното собрание и што е потпишан од него. Ова се однесува и на измените и на дополнувањата на Статутот на акционерското друштво со тоа што страниците ги парафира и Статутот го потпишува претседавачот на Собранието на акционерското друштво.

**(2)** Оригиналниот примерок на Статутот и на неговите измени и дополнувања се чуваат поврзани во посебна книга. Копиите на Статутот треба да бидат заверени од одговорното лице кое ги врши општите и правните работи во акционерското друштво.

**член 134**

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Акционерското друштво за поизводството и дистрибуција на топлинска енергија "ТОПЛИФИКАЦИЈА" од Скопје, донесен на 2.07.1991 година.

**член 135**

До донесувањето на актите, односно до нивното усогласување со одредбите на овој Статут ќе се применуваат одредбите на постојните акти доколку не се во спротивност со одредбите на овој Статут.

**Бр.01-2295/1**
**08.05.2009 год.**
**Скопје**

**Претседател на Надзорен одбор**
**на Топлификација АД - Скопје**
**Ковачевски Зоран, економски техничар**